Врз основа на член 21, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; и 163/16), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) и врз основа на утврден текст од комисијата формирана од градоначалникот со решение број 09-2830/1 од 30.09.2016 година, Градоначалникот на општина Ѓорче Петров-Скопје, го дава следното :

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на градското и руралото подрачје во Општина Ѓорче Петров, дека се распишува:

## Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови за вториот квартал од 2017 година

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; и 163/16) , во вториот квартал од 2017 годона.

**Во период 15.09.2017 до 15.10.2017 година, сите заинтересирани физички и правни лица треба да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од член 7 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.**

**Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или урбанистичко – планска документација, со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.

**Јавниот повик ќе трае од 15.09.2017 до 15.10.2017 година,** согласно објавата во дневно гласило „Нова Македонија".

**Јавниот повик ќе биде објавен** на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk, на огласна табла во општината и секторот за урбанизам и во информацискиот систем е – урбанизам и објава во службено гласило на општината .

**Заинтересираните правни и физички лица, иницијативите да ги достават** во архивата на општината или архивата во секторот за урбанизам во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, во определениот рок.

**За сите прифатени иницијативи** подносителите ќе бидат на време информирани во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам.

**Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во програмата Ф на општината за 2017 година.

**Средствата за прифатените иницијативи** за изготвување на потребната документација, треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите - правни или физички лица.

**Број 09-2600/2**
**од 13.09.2017 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ